Здружение на општини-ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РМ - ЗЕЛС
Бр. 0202-26/3
15.01.2021 год.
СКОПЈЕ

# ЗАПИСНИК

од 16 седница на Управниот одбор на ЗЕЛС
15 јануари, 2021 г.

**Присутни**:

Петре Шилегов (Градоначалник на Град Скопје), Медат Куртовски (Градоначалник на Општина Маврово и Ростуше), Сашо Поцков (Градоначалник на Општина Гевгелија), Аце Коцевски (Градоначалник на Општина Велес), Максим Димитриевски (Градоначалник на Општина Куманово), Николчо Илијев (Градоначалник на Општина Кочани), Ивица Тошевски (Градоначалник на Општина Ранковце), Саша Богдановиќ (Градоначалник на Општина Центар), Стефан Богоев (Градоначалник на Општина Карпош), Коста Јаневски (Градоначалник на Општина Струмица), Илија Јованоски (Градоначалник на Општина Прилеп), Томе Солевски (Претседател на Совет на Општина Кочани).

На седницата присуствуваше и Министерката за образование и наука г-ѓа Мила Царовска

Управниот одбор расправаше по следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Дискусија околу проблемите поврзани со областа на образованието (на седницата е поканета и ќе присуствува Министерката за образование г-ѓа Мила Царовска).
2. Разно

**Дискусија**:

На присутните им се обратија претставници од Бирото за образовани и членови на работната група која го изработи новиот предлог – концепт за реформа во образованието. Беше образложено:

1. Новата концепција се базира на долгорочни истражувања, забелешките на ОЕЦД и нивните насоки каде треба да се движи нашето образование.

2. Нашата држава се наоѓа на самото дно на табелата на земјите кои учествуваат во тестирањата по ПИСА стандардите, што е доволен поттик веднаш и без одлагање да се преземат активности за промена на состојбите.

3. Утврдениот концепт подразбира изработка на нова стратегија за образованието што ќе подразбира коренити промени.

4. Фокусот на концептот е ставен на правата на учениците, на квалитетот на нивниот образовен процес и на автономијата и статусот на наставниците и професорите. Целта е да се развиваат потенцијалите на учениците особено што се знае дека секое дете учи на различен начин.

5. Со концептот се предвидува овозможување на интер-културно образование базирано врз принципите на родова еднаквост, етничка припадност, вероисповед. За прв пат се предвидува на изготвување на курикулуми на локално ниво за изборни предмети, а се воведува и кариерен развој на наставниците со 60 часовна

6. Со концептот се апсолвира и прашањето за мерливост на резултатите, односно според наодите на ОЕЦД, нашата држава нема излезни резултати од образовниот процес на секој ученик. Тоа значи дека и покрај тоа што имаме наставни програми, не знаеме со какви знаења и со кој капацитет учениците го завршуваат образовниот процес. Според стандардите на ЕУ, нотирани се 8 области врз основа на кои се утврдени и соодветни 8 подрачја како национални стандарди. Овие стандарди задолжително мора да бидат вградени со наставниот план.

7. Голем акцент се става на интеграцијата на областите како природните или општествените науки, ќе се воведат дисциплини кои се изучуваат секаде во светот, со кои се овозможува мултиперспективност и тоа соодветно на возраста на учениците. Концептот останува на предмети кои започнуваат како интегрирани предмети. На пример кај природните науки се интегрира биологија, физика, хемија итн., но се интегрираат и социјалните и општествените науки, или уметничкото образование започнува со спојување на музичкото со ликовното образование, а потоа се раздвојуваат на по едно полугодие.

8. Со концептот се предвидува самите училишта да имаат отворен простор сами да ги избира предметите – предмети за продлабочување на одредени знаења како драма, фотографија, готвење, градинарство итн. Училиштата ќе организираат мултикултурни работилници.

9. Акцент ќе се стави и на понудата на јазици на помалите етнички заедници за изучување и тоа се предвидува како обврска за секое училиште, а се предвидува и понуда на општествено хуманитарна работа, во висина од 20 часа. Со концептот се очекува големо поврзување на училиштето со локалната заедница.

10. Во однос на часовите, се предвидува задолжително присуство од вкупно 5 часа на ден, со 1 час вонннаставни содржини. Предвидени се реализации на проекти и истражувања, а учениците да користат класични учебници но и електронски учебници, заради што ќе бидат изработени материјали за учениците и материјали за наставниците. Наставниците исто така ќе поставуваат материјали во електронска база како форма на учење преку автономија на наставникот кој ќе ги бира наставните материјали.

На присутните им се обрати и проф. Бардареев кој истакна дека работната група работела 4 месеци, дека станува збор за многу сериозни професионалци кои 20 години работат на многу реформи и многу концепти, а по пристапот се одликуваат со храброст и визија но и поддршка добиена од министерката за образование.

Претседателот на ЗЕЛС укажа дека дел од презентираните факти не се однесуваат директно на општините, но со оглед дека општините го организираат процесот на образование, од концептот индиректно ќе има импликации и врз нив. Тој истакна дека ЗЕЛС и градоначалниците мора да бидат вклучени во разработката н концептот, заради што повика на потесна координација.

Градоначалникот на општина Куманово укажа дека во очи на овој состанок побарал мислења и согледувања од секторот образование на општината од каде е информиран дека општината често не е консултирана од страна на Министерството за сметка на директна комуникација со директорите на училиштата, иако на крај носител на промените ќе биде самата општина. Тој истакна дека целата реформа е поставена како обратен процес, а дека истата треба да се спушти на ниво на општината за да постои поголема монолитност, а подоцна да се сумираат концаптуалните пристапи, па потоа министерот се обрати на јавноста. Тој истакна и дека постои голема непознаница кај стручните лица, заради што е потребен разговор со професорите и наставниците, меѓу кои одреден дел се плашат за својата иднина, но и за идната

наставно научната програма, особено за предметот историја. Тој исто така укажа и дека капацитетот на бирото за образование и нивото на комуникација со општината е на ниско ниво, а во училиштата нема технички и логистички ресурси, а истите се во лоша состојба.

Во однос на финансирањето, беше укажано на разликите во обврските кои во 2017 година изнесувале 110 милиони денари, додека сега се само 8 милиони, а ова намалување е благодарение на поддршката од Владата преку кредитот за општините од 50 милиони евра и други трансфери, гасификацијата на објектите, но и зголеменаta блок дотација. И покрај тоа, дотациите не се правилно распределени со оглед дека за средното образование има повеќе средства кои општината не мое да ги пренамени за основно образование. Оттука, мора да има се утврди механизам на балансиран износ поврзан со бројот на ученици, а како пример беше посочено село оддалечено 10 км. од централното училиште, каде се зголемуваат трошоците по ученик а истото не може да се изрази со блок дотацијата.

Во однос на капиталните инвестиции, беше укажано дека мора да се децентрализираат, барем за оние општини кои имаат повисок капацитет на стручната администрација за со истите да управуваат.

Превозот на ученици со посебни потреби е исто така проблем, бидејќи истите немаат можност да се возат во јавниот превоз поради неадаптираност, заради што мора да се воведе ставка и по овој основ. Дополнително, во однос на плаќање на обврските кон наставниот кадар кој има повеќе работни часови не смее да биде ист со останатите и истото мора соодветно да се предвиди со трансферите. Општината не може да врши вакви исплати со оглед дека средствата кои се заштедени веќе се испланирани за инфраструктура, уредуваме на простор и други клучни активности.

Градоначалникот на општина Гевгелија посочи дека постојат нерешени прашања во образованието кои не се поврзани со предвидените реформи, а кога се влегува во реформи многу е важно со каков капацитет на институциите се започнува со истите. На пример со воведувањето на електронската настава се отворија многу нерешени прашања поврзани со физичко присуство, опрема, компјутери за учениците, или на пример прашањето за исплата на прекувремени часови за време на пандемија за наставниот кадар. Тој изрази стравување дека од еден процеси се влегува во друг, а општините мора во реформата да демонстрираат авторитет, односно дека ги имаат под контрола промените. Особено доколку дојде до промена на наставната програма, мора да се води сметка условите во училишта да бидат секаде исти, а мора да се има критериуми за планирање на нови паралелки. За последното беше посочен пример со средно стоматолошка образование во две соседни општинит во ист регион, како што е примерот со Гевгелија и Богданци. На овој начин ќе се зголемат енормно трошоците, а не е нити целисходно поради наставниот кадар и малиот број на ученици, што значи дека не смее да се дозволи секоја општина да има секаков тип на образование, туку сосема спротивно, истото мора да се планира.

Градоначалникот на општина Прилеп укажа дека периодот на воведување на оваа реформа е сензитивен заради актуелната политичка ситуација, но дека тој дава поддршка на предложената реформа.
Во однос на реакциите на наставниот кадар, тој истакна дека е воочен страв од губење на работното место, но дека за тоа се добија гаранции од министерството за образование па се очекува тензичните дискусии да се намалат.

Градоначалникот на општина Маврово – Ростуше истакна дека е потребно да се биде внимателни во оваа фаза кога концептот не е многу доближен до стручната јавност но и јавноста воопшто, бидејќи се може погрешно да се протолкува, а во овој процес мора задолжително да се вклучени општините. Во руралните општини се намалува бројот на учениците, а има и предмети кои не го исполнуваат потребниот минимум.

Тој укажа дека најавената автономија на училиштата би можела да предизвика појава на адаптирање според капацитетот на наставниците, а не според реалните потреби.

Градоначалникот на општина Струмица истакна дека  поразителните резултати поврзани со капацитетот на учениците кои се многу ниско рангирани на скалата во меѓународни рамки мора веднаш да се адресира. Тој укажа дека вакви реформи имало и претходно но дека нити една не се спровела во целост или не одговарала на состојбите на нашата држава. Се воочува голема деградација на целото општество што почнува со образованието, а мора да се подигне и дигнитетот на наставниците и нивната независноста. Не смееме да дозволиме на крајот на секоја школска година да стигаат ургенции од сите страни за поправање на оценките на учениците. Тој укажа и на партизираноста на образованието како клучен проблем. Во минатото, најдобрите ученици беа понатаму стимулирани и ангажирано во секторот образование за да можат да го пренесат своето знаење, а денес се соочуваме со недостаток на мотивација и стимулација на кадар кој треба да едуцира и да биде носител на клучните реформи.

Градоначалникот на општина Велес го истакна фактот дека имаме слабо образование, а доказ за тоа е лошо рангирање на капацитетот на нашите ученици. Иако сите реформи се сложени и се нарушуваат многу воспоставени практики и лични интереси, сепак ваквата реформа е нужна да се спроведе. Но за да можат реформите да бидат долгорочни и да се спроведат до крај мора да постои широк консензус од сите страни.  Тој укажа дека реакциите на катедрите на факултетите и реакцијата на МАНУ, кои не се согласни со реформата, но и политичкиот контекст со соседните држави во поглед на прашањата за историјата, се тоа создава голема недоверба во реформата и нејзиниот исход.
Тој укажа и дека Министерството мора многу храбро да го одржува курсот на рационализацијата на мрежата на образовни установи, со оглед дека секогаш е непопуларно да се укинуваат паралелки или да се затвораат училишта, а мора да се слуша и гласот на бизнис заедницата, нивните потреби од образован кадар за соодветно да се одрази истото во соодветната образована програма.

Во однос на капиталните инвестиции, тој истакна дека доколку нешто не е во ред, на одговорност се повикуваат градоначалниците, а капиталните инвестиции се во надлежност на централната власт. Општините не склучуваме договори, нити вршат надзор нити имплементација на инвестициите, па оттука овој аспект мора системски да се промени.

Министерката за образование и наука г-ѓа Мила Царовска истакна дека се вели дека ниту едно време не е време за реформа, но со регормата која претстои ќе се наруши комодитетот, но дека тоа е целта на реформата. Таа истакна дека не е дозволива незаинтересираноста на наставниот кадар, а ќе бидат создадени услови за оној кој знае, да може да најде начин како да го пренесе знаењето на учениците. Таа посочи како пример дека најголемите научници можеби немале квалитетни услови за учење, но имале добри ментори.
Квалитетот и капацитетот на наставниот кадар е приоритет, а не смее да се дозволи притисок врз наставниците да стават 5ка по секоја цена.

Во однос на капиталните инвестиции, беше истакнато дека се разгледува можноста тие да се пренесат на општините, но дека мора да се потврди нивниот капацитет за со нив да управуваат. Се размислува тие да бидат капитални дотации, но во прво време со оние општини кои располагаат со соодветен капацитет, а истото да се спроведе со првиот следен ребаланс на буџетот.

Во однос на реакциите на неколку катедри на факултетите и МАНУ, беше истакнато дека не е допуштено да се даваат коментари без да се разгледа текстот на документот на концептот за реформата. Беше укажано дека нити една од институциите кои излегоа во јавноста со определени ставови  не се обратија  до Министерството да го обезбедат документот.

Во однос на наставниците, беше укажано дека тие ќе мора одговорно да работат, ќе бидат соодветно платени, но дека ќе мора да се грижат за наставниот процес. Јасно е дека нема да има исти услови во сите училишта, но кабинетите ќе бидат соодветно опремени до месец септември, иако со 6то одделение ќе се започне од 2022-ра година.
Беше истакнато дека Владата ќе се потруди да даде максимум во ресурс, но дека сите ќе мора да се прилагодат на овој тип на образование.

Од понеделник ќе започне брза комуникација со директорите, а општините нема да бидат заобиколени со информации. Беше укажано дека општините имаат достапност до министерството.

Во однос на прашањето за исплата на дополнителни часови, беше истакнато дека се испратени многу дописи до општините за тоа како да се пресметуваат истите, а доколку нема средства за да се исплатат десетина наставници, постои формула која е дистрибуирана и преку синдикат на образованието и преку самите училишта.

Скопје 15 јануари, 2021 г.

Составил,
Стручната служба на ЗЕЛС